Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) го објави новиот квартален извештај „ **Следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата** “ што го опфаќа периодот од 1 јули до 30 септември 2017 година. Извештајот се осврнува на три сегменти од работењето на ДКСК: креирање антикоруциски стратегии и политики; надзор и контрола и соработка и едукација. Покрај тоа, дава осврт на транспарентноста и отчетноста во нејзиното работење.




МЦМС следи **вкупно 29 индикатори**, од кои, во периодот на извештајот, 11 се остваруваат целосно во согласност со закон, 14 се остваруваат делумно, а четири не се остваруваат.



Според податоците од извештајот, **ДКСК отворила 18 предмети за можни злоупотреби за време на локалните избори одржани во октомври 2017 г. Од нив**
, 16 предмети се отворени по приговори поднесени од физички лица, еден приговор е од правно лице и еден од непознат подносител.
**Комисијата одговорила на 916 барања за мислење од**
страна на државни институции за примена на Законот за спречување на корупцијата во изборен процес.

Во извештајниот период до ДКСК биле доставени и оформени вкупно **19 предмети за постоење елементи за корупција**
. Предметите се по пријава од граѓани, од правни лица и предмети отворени по сопствено убедување на ДКСК. Постапувањето по овие предмети е во тек.

Подобрување може да се забележи во поднесените **извештаи од институциите за примени пријави од укажувачи** .
Во овој квартал се поднесени вкупно
**41 извештај**
. Иако станува збор за мал процент во однос на вкупниот број институции (1291) сепак охрабрува воспоставувањето на оваа пракса. Одѕивот може да биде и поголем доколку ДКСК презема конкретни мерки за активна примена на Законот.
**Само 65 институции**
доставиле информација за овластено лице за прием на пријави од укажувачи.

**Ажурирањето на Регистарот на анкетните листови на избрани и именувани лица останува една од слабостите во работењето на ДКСК.** Од именувани се 633 лица на функции (според објавите во Службен весник), за 468 (70,59%) лица нема објавени информации. ДКСК можела, а не повела иницијатива пред надлежен суд против институцијата или одговорното лице.

**Антикорупциска проверка на легислативата се спроведува, но не во целост.** Во овој извештаен период, таа е направена за пет закони и е започната за 11 закони (пет од вториот и шест од третиот квартал). Иако Владата во овој извештаен период има утврдено 13 предлог-закони на седница, истите не се доставени до ДКСК за задолжителна проверка на ризици од корупција.

ДКСК остварува соработка со државните организ, а може да се забележи и дека **стану ва поотворена за соработка со граѓанските организации и со организации од приватниот сектор потписници на Меморандумот за соработка. Во поглед на транспарентноста**
, ДКСК објавува информации за седниците кои се јавни, но нема пракса да објавува информации за сите одржани настани за кои нема законска обврска.

Извештајот е дел од проектот „Следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата“ што го спроведува МЦМС, а финансиски е поддржан од Британската амбасада во Македонија.